4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-41700/2
21 декември 2023 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

---

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4800.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), членови 65-г став 3 и 65-д став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) и точки 11 и 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/21 и 149/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРОТИВЦИКЛИЧНИОТ ЗАШТИТЕН СЛОЈ НА КАПИТАЛОТ ЗА ИЗЛОЖЕНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИЗЛОЖЕНОСТИ КОН ДРУГИ ЗЕМЈИ ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА

1. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија во висина од 1,5%.

2. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите кон други земји во висина на стапките што се утврдени од страна на надлежните органи на другите земји и коишто се објавени на интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија.

3. Банките се должни да ја применат оваа одлука и да ги вклучат стапките од точките 1 и 2 од оваа одлука во пресметките за утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за првото тримесечје од 2025 година.